Елеонора Стрезовска
Јадранка Симитковска
Татјана Неческа
Александра Митровска

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**УЧЕБНИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ
ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**





**Автори:**
**Елеонора Стрезовска**
**Јадранка Симитковска**
**Татјана Неческа**
**Александра Митровска**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## УЧЕБНИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Топер

**Скопје, 2020**

**ВОВЕД**

## Драги ученици

Оваа книга ви ја посветуваме вам, на најмалите ученици во деветгодишното образование, со надеж дека ќе се развие говорното творештво, интересот за книгата, ќе ви се збогати речникот, ќе ве поттикне на размислување, ќе ви ги прошири знаењата, ќе ве упати во правилно говорење, поставување прашања, давање одговори, раскажување и правилно прераскажување, а пред сè, кај вас ќе поттикне љубов кон мајчиниот јазик.

Со среќа

## Почитувани наставници

Овој учебник е направен врз основа на концепцијата и Програмата за прво одделение за деветгодишното основно образование. Учебникот содржи текстови и насоки за наставниците, како и работен дел за учениците, преку кој тие ќе бидат максимално активни на часовите по македонски јазик. Текстовите дадени во учебникот и насоките за работа ги читате вие, а исто така ги запишувате исказите на учениците на соодветните места. Овој учебник ви овозможува да утврдите дали учениците ја совладале содржината и ја постигнале целта што сте ја поставиле.

Ви посакуваме успешна работа

Од авторите

# ШТО ПРЕТСТАВУВААТ ЗНАЦИТЕ



**Наставничка**



**Раскажи!**



**Слушај!**



**Погледни!**



**Поврзи!**



**Нацртај!**



**Означи!**



**Залепи!**



**Обој!**



**Заокружи!**



**Драматизација**



**Предлог за**
**наредниот час**

## АЈДЕ ДА СЕ ЗАПОЗНАЕМЕ



Здраво другарчиња!
Јас сум Мила Трпева.
Во септември ќе имам шест години.
Среќна сум што одам во прво одделение.
Мама ме исчешла и ми облече црвено фустанче.
Имам кафени очи и руса коса.
На нозете носам црвени сандали.
Најмногу од сѐ сакам
да играм со кукли.



Здраво другарчиња!
Јас сум Огнен Петровски.
Јас ќе имам шест години зимава, во
декември. Бојата на мојата коса е
кафена. Очите ми се зелени.
Денес сум облечен во сина блуза
и кратки сини панталони.
Многу сакам да играм фудбал
и да разгледувам сликовници.

Сега сакаме да се запознаеме со вас. Претставете ни се. . .

Како те викале како мал, а како те викаат во одделението?

Разубави го твоето име!!!

Што е најубаво кај тебе?



Што е најубаво на тебе?

Кажи нешто убаво за себе!

Кажи го твоето име бавно, тивко, испеј го. . . !

Ако детето зборува за себе позитивно ☐

Ако детето зборува позитивно за облеката ☐

## КОЈ СУМ ЈАС

Ова бебе на фотографијата сум јас. Кога сум бил бебе, многу сум плачел.

На оваа фотографија имам две години. Сликан сум со мојот велосипед. Тогаш најмногу сум сакал да играм со коцки.

Јас спиев со мојата омилена играчка. Мечето Теди.









Разгледај ги фотографиите на твоите другари кога биле бебиња. Наредете ги фотографиите и играјте ја играта „погоди кое другарче е ова бебе".



### ШТО МОЖЕВ ДА ПРАВАМ, А ШТО МОЖАМ ДА ПРАВАМ СЕГА



Кога бев бебе јас можев...

Кога одев во градинка јас можев...



Кога бев мал/а јас можев...



Јас сега можам...





Раскажи како го прослави твојот петти роденден!

# ШТО САКАМ ДА БИДАМ КОГА ЌЕ ПОРАСНАМ

**Што ќе бидам кога ќе пораснам**

Сѐ уште сум дете мало,
но во мене блика сила
ко пилот да ја прелетувам
татковината наша мила

Сакам готвач да станам,
супа, торта и пита да правам,
децата да си каснат
и големи да пораснат.

Т.П.



Наставникот ја рецитира стихотворбата и води разговор за желбите на учениците, односно што сакаат да бидат, а што не сакаат да бидат кога ќе пораснат.




Нацртај што сакаш да бидеш кога ќе пораснеш!



Зошто сакам да бидам...?

# ГИ ЗАПОЗНАВАМЕ ДРУГАРЧИЊАТА

Ти се викаш Матеј.
Твојата коса е
кафеава и кадрава.
Твоите очи личат
на чоколада. Носиш
фармерки и црвено
палто. Патиките ти се
кафени. Кај тебе ми се
допаѓа твоето име.

Ова е Маја.
Таа има долга, руса коса
и сини очи.
Ме потсетуваат на небо.
Во нејзините очи го гледам
моето лице.
Кај неа ми се
допаѓа тоа што
секогаш е
насмеана.



 Погледни го другарчето и кажи што знаеш и што гледаш кај него!

 Слушај внимателно што ќе каже другарчето за себе!

## ЕМОЦИИ





Раскажи што гледаш! Кажи зошто детето било среќно, а потоа тажно?

Дополни ја реченицата:

Среќен/на сум кога ...

Тажен/на сум кога...

Лут/а сум кога...





Раскажи што мислиш дека му се случило на ова дете!

Раскажи што му се случило на ова дете!

# МОЈОТ ПРВ УЧИЛИШТЕН ДЕН



**ПРВАЧЕ**

Првачето Лиле
дојде в училиште без своето маче.
Ја виде Ана, па бргу од столчето стана,
ја подели со неа својата банана.
Истрчаа во дворот другарките лични
си најдоа другарчиња на себе слични.

Т.Ш.



Одговори на прашањата:

1. Каде се случува случката?
2. Кој ја виде Лиле и што ѝ даде?
3. Каде отидоа другарките лични?



Како го помина
твојот прв училиштен ден?

Нацртај се со кого дојде на училиште!

Кои нови другарчиња ги запозна?
Нацртај ги!

Кажи кого познаваш отпорано!



Што ти се допаѓа во твојата училница?

Предложи име на одделението!

Измисли имиња на катчињата според тоа што

гледаш во нив!

# ЗОШТО ОДИМЕ НА УЧИЛИШТЕ



 Наставникот чита

По ходниците на училиштето не се слушаше детски џагор. Само Стефан стоеше пред вратата од училницата и плачеше. Со него стоеше неговата мајка.

Таа го молеше да влезе, но Стефан ѝ се спротивставуваше, не сакаше да влезе. Мајка му рече: „Те чекаат внатре новите другарчиња, наставничката. Сигурно учат веќе нешто ново.“

Стефан плачливо рече: „Не сакам да влезам, не сакам нови другарчиња, јас си имам доволно во зградата. Не сакам ништо да научам зашто вие за мене се грижите.“

Тогаш се отвори вратата и се слушна силна смеа. Стефан ѕирна и го виде Петар како држи нешто чудно во рацете и ѝ рече на Марија: „Леле! Колкаво ти е едното око! А тебе, Бојане колкаво ти е увото?“

Тогаш Петар се сврте кон Стефан и му викна: „Еј, ти големо мажиште!"

Стефан се обѕирна зад себе. Немаше никој. „Стефане, тебе ти велам, дојди земи ја лупата и ти да гледаш". - „Што е тоа лупа?" - праша Стефан.

„Влези штом не знаеш, ќе научиш". Стефан ја зеде лупата и кога виде колкава глава има Бојан, се изненади.

„Па, ова е прекрасно и интересно" - рече тој. Тогаш наставничката го прошета низ училницата и му даде една кутија со предмети. Тој се занесе во гледањето во кутијата. До него се приближија и Јасна, Тодор и Гоце. Јасмина рече дека сака да научи нешто повеќе за дивите животни, Гоце сака да знае зошто не е секогаш ден, а Тодор сака да научи убаво да црта.

Наставничката им рече: „Доаѓајте на училиште и ќе научите сè што ве интересира и сè што сакате да знаете".



Кажи, што те интересира тебе и што сакаш ти да научиш в училиште?



# ПРИКАЗНА





Наставникот ја чита приказната „Мравката в училиште".

## МРАВКАТА В УЧИЛИШТЕ

Мравката живееше во својот мравјалник заедно со илјада мравки. Младата мравка посака да оди в училиште како децата. Го напушти својот роден дом и се упати кон градината. Штотуку зачекори да влезе низ вратата, ја спречи чичко Мартин.

- Мравке, не можеш да влезеш в училиште со децата - се обиде да ѝ објасни Мартин.

- Знам, но и јас сакам да играм, да пеам, да учам како децата - замоли мравката.

- Но ти си... бубачка.

- Знам - одговори мравката и со ножето си ги протри очите. Низ лицето ѝ се стркала една солзичка.

- Ех, ех - се насмевна чичко Мартин.

- Децата би требало да бидат како вас, мравките. Вие си помагате една друга, се сакате, си играте, ги уредувате и ги чистите своите простории, по цел ден работите, а и го браните својот дом од непријатели.

-Да, така е - весело рече мравката, се насмевна и продолжи - сега сум задоволна. Навистина, децата можат многу да научат од нас мравките - и се врати во својот мравјалник.

Според финска народна приказна



Одговори на прашањата:



Што научи од мама и тато?



Што научи од бато и дада?



Што научи од дедо и баба?



Што учиш од другарчето?



Од мама и тато научив што значи моето име и од кого го добив.

## ДРУГАРСТВО







 Размисли и кажи што се случило понатаму!

## В УЧИЛИШТЕ

Првата седмица в училиште, Тони го истепа Иван зашто му застана на патот помеѓу клупите. Ја искуба Весна оти му пречела што мрда со косата, ги искрши црвената и сината боичка, зашто не се боело убаво со нив. Гумата ја претвори во ронки кои ги фрлаше под нозете на Бојан, па наставничката го обвини Бојан дека не се грижи за хигиената во училницата. Тогаш, на сето тоа гледаше како смешка и се замислуваше херој.

Денес се чудеше со кого ќе застане на одмор, до кого ќе седи за време на ручекот, не знаеше од кого да побара боичка кога работеа математика. Бојан го виде и му ја подаде сината боичка. Сега Тони со свои очи го виде херојот, но тоа не беше тој, туку Бојан.

 Одговори на прашањата:

1. Што правеше Тони в училница?
2. Зошто сега Тони го гледаше Бојан како херој?
3. Како треба да се однесуваме кон другарчињата?
4. Како треба да се однесуваме кон приборот, играчките, масичките, столчињата в училница?

Наставникот ја чита приказната за



**ЛАКОМИОТ КРТ ЧИПСО**

Шетајќи се покрај нивата, малиот крт Чипсо пронајде неколку големи компири. Тоа за него беше вистинско богатство!

Среќен, ги однесе во својата мала куќичка. Во еден момент помисли да викне некое другарче и да се пофали, но во истиот миг се премисли: ќе треба да ги подели компирите.

Си рече: „Јас ги сакам сите само за мене!"

Затоа на вратата од својата куќичка, напиша: НЕ ВОЗНЕМИРУВАЈТЕ МЕ!

И навистина, неговите другарчиња не го вознемируваа, и тој сосема сам и спокојно си ги изеде компирите.

Но, знаете ли што се случи потоа? Тие него го заборавија! Така, тој си остана сосема сам во својата куќичка. Никој повеќе не го вознемируваше и не сакаше да игра со него.

Народна приказна

Кажи зошто другарчињата на Чипсо не сакале да играат со него?



Опиши го другарчето што седи до тебе! Прашај го другарчето за неговата омилена
играчка, игра, јадење, приказна!

Кажи што ти се допаѓа кај твоето другарче!



Нацртај го ликот на твоето другарче!

Кажи му на другарчето нешто убаво за него! Што му кажа на другарчето?

# ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ В УЧИЛНИЦА

Учениците од прво одделение се договараат за правилата на однесување в училница.

Даре предложи: „Јас сакам да ме слушате кога ќе зборувам”.

„И јас сакам, и јас сакам...” - се слушаа гласови, па предлогот беше прифатен.

„Даре, кога ќе зборувам јас, ти исто така треба да ме слушаш” - рече Тања.

„Се разбира” - се согласија другите. Елена рече дека не е пристојно да се чепка во туѓо ранче и да се зема молив без прашање. Сите се согласија со тоа правило.

Бојан кажа дека не сака да биде исмејуван од другите. Марио предложи сите да внимаваат и да им биде чиста училницата. „Ѓубрето се фрла во корпа за отпад” - рече тој. Смислија и нацртаа многу правила.



Размисли и кажи:
Кои се правилата во твојата училница?













Обиди се да ги прочиташ правилата од сликите и објасни ги со свои зборови!

## ЈАС СУМ ДЕЖУРЕН/А






 Што направи Бојан? Разгледај и опиши!



ги залепи одлепените слики



ги опомена другите да ги оставаат сликовниците на место



ги подреди сликовниците



ги наостри моливите

Бојана ја избра сликовницата за таа седмица.



Јас избрав сликовница за оваа седмица.





Нацртај!



Прераскажи ја сликовницата што ти ја избра, а наставничката ти ја прочита.



Предлог за наредниот час.



Драматизирајте . . . ! Како ќе изгледа ако не ги почитувате правилата што самите ги донесовте во вашата училница?

# РОДЕНДЕН НА МОЈАТА ТАТКОВИНА

 Наставникот води разговор за родендените на учениците, за нивните родители - каде се родиле, во кое место. Разговорот продолжува во татковинското катче. Таму се гледа и се опишува македонското знаме, се слуша химната на Македонија и се разговара за тоа дека се стои простум кога се слуша химната.



**МОЈАТА ТАТКОВИНА**

Тука овошните градини се родни.
Полињата се плодни, златно жито зрее.
Сонцето силно грее, птицата милно пее. Тука
народот со добрина и љубов блика. Тука е
мојата татковина, Македонија се вика.
Т.Н.

Учениците ја учат стихотворбата.

# СЕПТЕМВРИ

 Наставникот го чита текстот.



Одморот помина. Сите дечиња се собраа во училишниот двор. Ѕвончето ѕвони. Училиштето е полно и весело од гласовите на учениците.

Летово секое детенце порасналo. Некое за еден прст, некое за два. Виктор порасна повеќе зашто јаде повеќе. Сега сите вредно ќе учат и ќе се дружат.

Во септември зреат овошките: јаболката, крушите, дуњите, грозјето.

Пазарите се преполни со зеленчук. Во секое ќоше поставиле ќумбе и се чувствува мирисот на ајварот. Можеби септември треба да го носи името ајварил.

Во септември заладува. Сонцето почнува да си игра криенка зад облаците, некогаш заросува, некогаш врне.

Во септември им мавтаме на птиците преселници и им велиме: „Добар пат, напролет кога ќе се вратите, ќе се видиме пак и ќе бидеме поголеми и поучени".

 Одговори на прашањата:

1. Што правеше ти во септември?

2. Што научи во септември?

3. Што правеа возрасните во септември?

# КОЈ ШТО РАБОТИ В УЧИЛИШТЕ













Учениците се договараат: каде ќе одат најпрво, каде потоа и каде на крајот. Секој ученик кажува кого што ќе го праша и што ќе гледа при посетата.

Предлог за наредниот час.
Учениците заедно со наставничката да одат во посета според договорот.

Предлог за наредниот час.
Учениците да раскажуваат за посетата кај директорот, педагогот, психологот, готвачката, хаусмајсторот и кај хигиеничарката.

Нацртај што ти оставило најсилен впечаток!

## КАКО ПОЗДРАВУВАМ







Наутро поздравувам:
добро утро

Преку ден поздравувам:
добар ден

Навечер поздравувам:
добровечер



### КАКО ПОЗДРАВУВАМ

Ако сретнам другарче
ќе му речам: - Здраво!
Тато ќе ме пофали:
- Браво сине, браво!

Наутро - ДОБРО УТРО
секогаш поздравувам,
напладне со - ДОБАР ДЕН
секому се јавувам.

Навечер - ДОБРОВЕЧЕР
секому му сакам,
а често поздравувам
со крената рака.



Штом некој си легнува
и се смири ѕвон,
обично поздравувам,
ДОБАР, ЛЕСЕН СОН!



Патник кога сретнувам
го сметам за брат,
со поздрав го испраќам:
СРЕЌНО, ДОБАР ПАТ!

Живко Николовски

## КУЛТУРНО ОДНЕСУВАЊЕ



Учениците ја следат куклената претстава „Волшебниот збор" во прилог.
Користење зборови за културно однесување.
Пример:




 Продолжете ја активноста: 

 Драматизирајте ги ситуациите со твоите другарчиња!

# КУЛТУРНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО...



Наставникот разговара со учениците за тоа кој бил во театар, кино, пошта, библиотека, спортска сала, стадион, амбуланта, продавница.



Поврзи каде:

театар



пошта




се шепоти



училиште



се вика



се зборува умерено





спортска сала

кино



продавница



## ВНИМАТЕЛНО СЛУШАЊЕ

Играње на играта „Расипан телефон"
Наставничката чита текст, реченица, по реченица. По секоја прочитана реченица, наставникот остава време учениците да го нацртаат тоа што го слушнале.

„Со жолта боичка, нацртајте круг! Од кругот нацртајте цвет со црвена боичка! Земете ја зелената боичка и на долниот дел на правоаголникот нацртајте стебленце и околу него тревичка! Горе на цртежот нацртајте сонце со жолта боичка!"

На телевизија или на радио слушај говор на спикер, како се зборува, коментира. Кажи што си разбрал-а, каков бил говорот (гласен, тивок, брз, бавен)?

Слушај ја наставничката како зборува!
Ако зборува бавно, обој го квадратчето под полжавот, ако зборува брзо, обој го квадратчето под авионот!





### БРЗО, БРЗО, БРЗОЗБОРКА

Елелем, белелем,
чим, чим, калелем.
Јарма, урма тас, тус,
пимпиле, канче, катарче.

Наставникот ја кажува брзозборката
„Плете баба плетиво, од шарено предиво"

Кажи ја брзозборката со брзо темпо повеќепати, едно по друго, а потоа и бројалката.
Учениците се наредени во круг. Едно дете излегува и ја кажува бројалката. Тој ученик што ќе излезе со броењето, ќе го каже името петпати брзо, а потоа треба да оди побрзо. Истиот ученик ја продолжува играта со кажување на бројалката.

# КАКО РАЗГОВАРАМЕ НА ТЕЛЕФОН



Учениците слушаат снимен телефонски разговор.

(ѕвонење...) Јана: „Добар ден, овде е Јана. Дали е дома Бојан?”

Мајката: „Добар ден, овде е мајката на Бојан, Бојан е дома, сега ќе го повикам”.

Бојан: „Здраво Јана. Како си? Јас сум добар. Дали сакаш да дојдеш кај мене утре?"

Јана: „Сакам, но ќе ја прашам мајка ми и ќе ти се јавам подоцна. До видување”.

Наставникот ги прашува учениците што слушнале и како другарчињата разговарале на телефон.







ПРАВИЛА Донесување на правила: Како правилно се разговара на телефон?

1. Поздравуваме.
2. Се претставуваме.
3. Прашуваме дали е домот на...
4. Го бараме другарчето.
5. Не разговараме долго.
6. Отпоздравуваме.



Во семејното драмско катче се даваат улоги на играта „телефонски разговор”.

# НЕВЕРБАЛЕН ГОВОР



Наставникот со изразот на лицето и со држењето на телото покажува радост, лутина, тага, страв, а учениците погодуваат како се чувствува.











Поврзи ги сликите со телата!



Кажи што те лути, што те прави среќен, а што тажен!



Покажи со својот лик и со држењето на телото кога си тажен, среќен или лут!

Погоди: Кој што прави?



## КАКО ИЗГЛЕДА ЗЕЛЕНЧУКОТ



 Погледни ги зеленчуковите плодови и опиши ги!

### ПОГОДИ ГИ ГАТАНКИТЕ

На главата
брада има.
На лето е млад
а стар е в зиме.

Црвен е по боја,
кисел е по вкус,
салата го прават
и доматен сос.

Црвена, жолта, зелена,
јадеме да сме здрави.
штом есен дојде,
ајвар од неа се прави.







Не е манекенка, а има
кошули триста. Која
од која потенка,
кревка, вкусна и чиста.

Зајко кокорајко
во уши се
претвора цел
штом чуе за
плодот зрел

Се наредиле војници
зелени, како за
некоја борба, а
завршиле нежно во
вкусна чорба.







 Наставникот ги чита гатанките, а учениците ги погодуваат и ги заокружуваат.

## ЗЕЛЕНЧУК



Наставникот преку театар, на маса, ги запознава учениците со текстот „Во зеленчуковата градина”.

### ВО ЗЕЛЕНЧУКОВАТА ГРАДИНА

Еднаш, во зеленчуковата градина, на залезот на сонцето се раздвижи зеленото стебленце на морковчето.

Морковчето: „Ох, тука во земјата станува тесно”.

Компирот: „Мене ми зборуваш соседу! Во ист кош сме. Дури тебе ти е подобро. Јас сум долгнавест, но полничок. Ти имаш простор да навлезеш во земјата длабоко и да се шириш”.

Морковчето: „Можеби си во право, но мене веќе ми е здодевно. Колку им е убаво на доматот, зелката, пиперката”.

Кромидот: „Доста се жалите. И јас сум тука до вас. Никогаш не се жалам”.

Доматот: „Не си во право, морковче. Ние секогаш сме изложени на сонце, ветер, дожд. Едвај чекам да ме скинат”.

Пиперката: „Тишина! Ти доматче си црвено, но не од срам.
Јас секогаш си останувам зелена, иако сум зрела”.

Тогаш, во градината се појави Горде, со кошница в рака, и им ги скрати маките. Ги откорна морковот и кромидот, го откопа компирот, ги скина пиперката и доматот и ги однесе дома за мајка ѝ да зготви ручек . Сега никој не се жалеше, сите се најдоа во исто тенџере.





Одговори на прашањата:

1. Каде се случува приказната?
2. Кои се главните ликови?
3. Кој лик ти се допадна најмногу и зошто?



Предлог за наредниот час:



Учениците ги играат улогите од текстот „Во зеленчуковата градина”.

## НА ПАЗАР

По изведување на прошетка на блискиот пазар, наставникот ја рецитира стихотворбата „На пазар“.

Слушај, пронајди ја сликата и опиши ја!





На пазарот врвулица,
секој нешто нуди:
„Краставици и пиперки“
вика чичко Руди.

Тиквички, краставички,
спанаќче тазе,
свежо е секогаш,
гарантира чичко Лазе.

„Повелете кај мене
домати, тазе зелка“,
на тезгата ги кани
добрата тетка Елка.



Вредната тетка Деса
наполнила кеса
со зеленчуци здрави,
ручек за да прави.

Одговори на прашањата:

1. Кој дел од стихотворбата ти се допаѓа најмногу?

2. Обој го крукчето до сликата која ти се допаѓа најмногу!

# ОВОШЈЕ



Како изгледа овошјето?

Опиши ги нацртаните овошни плодови!





Погледни и други овошни плодови и опиши ги!

Кое овошје најмногу го сакаш?



„Опиши го јаболкото од приказната „Снежана и седумте џуџиња" !

## СОСТАВИ ПРИКАЗНА СПОРЕД СЛИКИТЕ





Погледни ги сликите, раскажи што има на секоја од нив,
а потоа раскажи своја приказна!

# ЕСЕНСКО ОВОШЈЕ



Учениците седнуваат во круг.

Наставничката ја кажува бројалката: „Топчето ми падна, Калинка го грабна... . Посочениот ученик излегува од редот, зема слика со прикажано овошје и седнува на соодветно обележано место. Играта продолжува додека не излезат сите ученици, да земат слика со овошје и да седнат на обележаното место (круша, слива, јаболка и дуњи).



Наставникот ја рецитира стихотворбата.

### ЕСЕНСКО ОВОШЈЕ

На тезга има овошје безброј.
Се собрале дечиња ко пчелички рој.
Нела сака јагоди и црешичка медна,
за тоа ќе чека до пролетта следна.
Сашка сака круша за многу да слуша
Мими јаде грозје од дедовото лозје.
На малиот палав Влатко
мама му прави од кајсии слатко.
Сливи јаде Зорка, слатки и свежи
кошницата нејзина килограми тежи.
Малини и капини сега Нора бара
околу устата се намачка, мама ќе ја кара.
„Богата е есента" - вели другарчето Раде,
оревчиња и бадемчиња додека си јаде.

Т.Н.





Заокружи за кое овошје се зборува во стихотворбата!



Кажи кои овошни плодови зреат во есен?

# ОКТОМВРИ Е СВЕТОЛ ПРАЗНИК



Учениците и наставникот ги набљудуваат знамињата поставени во училиштето и во непосредната околина. Потоа ја опишуваат сликата.



Се води разговор за празникот 11 Октомври.

Зошто македонскиот народ свечено го празнува 11 Октомври?

## ОКТОМВРИ Е СВЕТОЛ ПРАЗНИК

На зградата во која живее Драганчо се вее знаме македонско. Го гледа тој знамето и замислено го прашува својот дедо:

- Дедо, кој го поставил знамето?

Дедото не размислува многу, туку веднаш одговара:

- Јас!
- А зошто? - пак праша Драганчо.
- Затоа што е празник! - одговара дедо му.
- А кој празник, дедо?
- Единаесетти октомври! Наш празник, светол празник... Тогаш дигнавме востание...

Драганчо молчи. Размислува малку, па пак прашува:

- А зошто востание?

Дедо му полека објаснува: „Живеевме во ропство. Немавме доволно леб, слобода, мирен сон. Трпевме, гладувавме... Затоа се здруживме и востанавме. Го истеравме непријателот и сега имаме и слобода, и мирен сон, леб...”

Драганчо се радува и извикува: „Дедо знамето се вее заради слободата! Октомври е празник на слободата!”

- Октомври е наше светло сонце! - додава дедо му.

Рајко Јовчевски



Одговори на прашањата:

Зошто македонскиот народ свечено го празнува 11 Октомври?

# ЕСЕНСКА СЛИКА





Детето берело јаболка, скокнало и се заморило.
Скокни и ти!
Дали ти е тешко зборувањето?
Кажи нешто.



Опиши ја есента според сликата!

На есен...

Ветерот ги дува жолтите лисја. Покажи и ти!
Дувај жолти лисја, парчиња хартија!

Надвор е студено. Дувај во рачињата, за да ги стоплиш (бавно, брзо)!



Имитирај звуци на:



ветер



шушкање на лисја



дожд

# ИЗГОВОР НА ГЛАСОТ Ш



Вежби за дишење

## ВО ШУМА

Сашо и Љубиша беа во шумата. Одеа, а под нив шушкаа жолтите и суви лисја. Ги сретна шумарот.

- Што правите вие двајца во шумата? - ги праша.

- Собираме шишарки - одговори Сашо.

- Ајде да видам колку сте собрале? - им рече шумарот.

- Од шишарките можете да направите убава кошница - рече шумарот, додека Сашо и Љубиша ги покажуваа шишарките.





Имитирајте го шушкањето на лисјата!



Одговорете на прашањата:
1. Што собираа Сашо и Љубиша?
2. Кој ги сретна Сашо и Љубиша?
3. Што им рече шумарот?













Кажи што гледаш на сликите!

# ИЗГОВОР НА ГЛАСОТ Л

 Вежби за дишење





**МЛЕКО**

Миле многу сака топло млеко. Затоа, секое утро, пред да појде на училиште, баба му му топли млеко и му го дава во лонче. Денес Миле сркна од млекото и одеднаш викна:

- Леле, леле!

Се исплаши баба: „Што ти е Миле, мил на баба?"

- Млекото е жешко, а не е топло. Си го изгорев јазикот.

- Мил на баба, извини, изгледа дека сум го претоплила. Сега баба ќе го излади. Баба му го излади млекото и му го подаде на Миле.

- Сега млекото е погодено како што треба - рече Миле. Ја бакна баба си и отиде на училиште со дедо.

 Одговори на прашањата:

1. Што пиел Миле?
2. Што викнал Миле кога го пробал врелото млеко?

 Кажи што гледаш на сликите!

   

## ИЗГОВОР НА ГЛАСОТ З


Вежби за дишење


Играј ја играта „Каде е гласот З"!

### ЗАЈАКОТ ВО ЗЕЛЕНЧУКОВАТА ГРАДИНА



Во зеленчуковата градина се најдоа зајакот и зајачицата. Тие дојдоа по зимница за своите мали зајачиња. Со своите остри заби ги загризуваа коренчињата на вкусните зелки. Гризеа брзо, за да ја наполнат кошницата. Набрзо ја наполнија до врв. Седнаа да здивнат. Со зелена салата го прославија завршувањето на зимницата.

---

## ИЗГОВОР НА ГЛАСОТ Ж


Вежби за дишење


Играј ја играта „Каде е гласот Ж"!

### ЖАБАТА И ЖЕРАВОТ



На дрвото над жабарникот си живееше жеравот. Тој секој ден гледаше една жаба. Сакаше да ја изеде. Жабата вешто го избегнуваше. Дојде крајот на летото. Жеравот се подготви за на пат.

- Каде си тргнал, жераву? - го праша жабата.

- На пат во топлите краишта.

- Кре, кре - се израдува жабата.

- Не радувај се толку жабичке, догодина пак ќе се вратам - ѝ одговори жеравот. Тогаш смеењето на жабата се претвори во жално крекање.

# ГО СЛУШАМ ГЛАСОТ ...



Наставникот изговара зборови, а учениците погодуваат кој глас го слушаат на почетокот на зборот.

Слон, коњ, авион, ракета, трактор, балон, еж, маче, ножици, ѓеврек, хармоника, кукла.







Измисли и кажи зборови што почнуваат на гласот: з, ж, о, и, ј!



Наставникот изговара зборови, а учениците погодуваат кој глас го слушаат на крајот од зборот.



срце



слон



телевизор



летало



коњ



конец



леб



Пронајди во училницата предмети чии имиња почнуваат на гласовите: к, ф, т, с, п, в!

# ИСПУШТЕНИ ГЛАСОВИ



Мирче бил со татко му на пазар и таму купиле многу работи. Ги извадиле и ги подредиле работите. Тој сакал да ја збуни мајка си, па затоа велел: Мамо, од пазар купивме:

Наставникот покажува слика и ја изговара со испуштен глас.



_ АНАНА _ ЕЛКА _ ОРКОВ

_ ИБА _ ОМАТ

_ ОМПИР _ РАВ

_ ЧЕНКА _ РАЗ



Слушајте и кажете кој глас го испуштил Мирче!



Милена отишла во продавница со својатата мајка. Таму купиле многу работи.

Слушнете што купила Милена (наставникот набројува и притоа испушта глас во средината или на крајот на зборот)!



ПА_ТА ЗА ЗАБИ СА_УН ШАМ_ОН ЧОКО_АДО

СИ_ЕЊЕ МЛЕК_ ШЕЌЕ_ ПИЛ_ САЛАМ_

ЈОГУР_ БРАШН_

МАСТИК_ СО_



Слушај и погоди кои гласови се испуштени!

# ОПИС НА ПРЕДМЕТИ

 Погледни ги внимателно сликите!

 Опиши ги предметите (изглед, боја, форма, на што те потсетува).

    

 Препознај ги предметите според описот!



жолт, долгнавест, кисел





блага, шарена, роденденска





студен, благ, се јаде во лето





гумена, тркалезна, шарена





има рачка, личи на печурка, штити од дожд





тркалезно, црвено, вкусно



 Слушај внимателно! Пронајди го предметот според описот на наставникот и заокружи го.

# ЈАС КАЖУВАМ, А ТИ ПОГОДУВАШ



Наставникот чита описи на предмети. Учениците слушаат, го откриваат предметот и го заокружуваат.





тркалезна, шарена, гумена, голема

стаклен, проѕирен, мазен





мек, волнен, топол



остар, долг, тврд, дрвен



метален, тврд, студен



светло, топло, тркалезно, жолто



блага, чоколадна, украсена, роденденска



кожени, зимски, топли

## КОЈ ШТО РАБОТИ И ШТО КОРИСТИ

  Разгледај ги сликите и кажи кој што работи!

   

 Поврзи кој што користи при работа!

   

 Погоди ја професијата!

Кој учи деца?



Кој ѕида куќи?



Кој вози такси?



Кој прави леб?



Кој потстрижува?



Кој лекува?



 Предлог за наредниот час: Игри со улоги на професии, по избор на учениците.

# ШТО ПРАВАТ

  Разгледај ги сликите! Именувај што гледаш и кажи што прават сите!

    

Сите

    

Сите

   

Сите

   

Сите

Што лета? Што свети? Што мириса? Што скока?

# ЗБОРОВИ СО СПРОТИВНО ЗНАЧЕЊЕ



Учениците и наставникот зборуваат за зборови кои имаат спротивно значење, како на пример:























Доцртај и обој ги почнатите слики. Кажи од која по колку нацрта.







еден цвет

цвета







еден домат

домати

# ДИВИ ЖИВОТНИ



Разгледај ги сликите, заокружи ги животните што ги препознаваш и именувај ги!












Наставникот преку театар на маса ги запознава учениците со текстот „Огледалце".

* Текстот е даден во прилог.

Одговори на прашањата:



1. Каде се случува случката?
2. Кој видел големи уши во огледалото?
3. Кој видел клун во огледалото?
4. Кој видел голема мечкина глава во огледалото ?
5. Кој видел мала мечкина глава во огледалото?

# ХУМОРИСТИЧНИ СТИХОВИ



Наставникот ја чита стихотворбата и разговара со учениците за тоа што слушнале и што им било најсмешно.

## КИТ

Мајка на чедото
слатко мое бебе му вели,
а тоа е долго девет метри цели.
Таа уште го гали,
бебушко моја мила,
а тоа бебе има
две илјади кила.



## СЛОН

Ако слонот заби мие
со паста како ние,
тој секоја вечер
три пасти ќе свие.





Состави смешна реченица со овие зборови:

| | |
|---|---|
| глувче | маче |
| цвеќе | вазна |
| авион | шини |

На пример: Глувчето го брка мачето.



Продолжи натаму со други зборови!

# ДОМАШНИ ЖИВОТНИ



Разгледај ги сликите, заокружи ги животните што ги препознаваш!








## КОЈ Е ПОВАЖЕН

Во еден селски двор се препираа: коњот, овцата, кучето, петлето и кокошката.

- Јас сум најважен - се јави прв коњот.

- Јас ја влечам колата полна со дрва и сиот товар го носам на мојот грб. Без мене ништо не се може.

- Вистина е тоа што вели коњот - се јави овцата. - Но што би правеле луѓето без мене? Јас им давам млеко, а и мојата волна тие ја користат за топла облека и за покривка. Дури и моето месо може да се употреби за јадење, а тоа е полно со витамини, а од моето млеко луѓето прават многу млечни производи. Затоа коњу не можеш да  речеш дека си поважен од мене, беее, беее!

- Големи фалбаџии сте вие - се јави кучето. - Што ќе се случи ако некогаш лошиот волк се настрви и посака да си касне мевце, а и лисицата може да посака пиле или кокошка?! Е, е, еее, другари мои, јас сум најважен. Ја чувам куќата од непријатели, јас сум вашиот најверен другар. Аууу - заржа остро на крајот кучето.

- Кукурикуу - закукурика петлето од една гранка. - Кој ќе го разбуди наутро стопанот ако не сум јас, а ако не се стане навреме, работите остануваат несработени. И сега да ве прашам јас, има ли нешто поважно од тоа?!

Уште не беше завршило петлето, кога од некаде се раскокодака кокошката:

- Јас му носам на стопанот јајца и од моите јајца се изведуваат мали пиленца, а јас ги чувам и ги учам. Значи, без мене тие не можат да живеат, а има ли нешто поважно од тоа?

Ова го чу стопанот, па рече:

- Без потреба се расправате. Сите вие подеднакво сте важни. Секој од вас врши важна работа и јас не би можел без вас ништо да работам.

Животните се погледнале и рекле:

- Така е, и ние не би можеле да живееме без тебе.



1. Каде живееле животните од приказната?
2. Кои се главните ликови во приказната?
3. Поради што се расправале животните?
4. Што им рекол стопанот?

## КОЈ КАДЕ ЖИВЕЕ

 Наставникот ја чита приказната „Трите мечки” (дадена во прилогот)

 Разгледај и поврзи кој каде живее!

 Сети се на други примери!



 Погоди што е!

Сиво крзно носи,
страшни заби има,
најмногу се слади
со јагниња млади.



Лакома е многу,
итрица права,
кокошки краде,
со сласт ги јаде.



Во пештера ја мине
зимата цела,
од кошара мед краде
таа е многу смела.



# НАЈДИ ПАР

 Разгледај ги сликите и именувај што гледаш!



 Поврзи кој што јаде. Кажи кои слики ги поврза?

## НАЈДИ ГО ПАРОТ

 Разгледај ги сликите и пронајди ги зборовите кои исто се изговараат, а имаат различно значење!



# ИМЕНУВАЊЕ СПОРЕД ЗАЕДНИЧКИ СВОЈСТВА

Кажи што гледаш!



Заокружи и именувај ги групите со едно име!

Продолжи со други примери од својата околина.

# ОД ЗБОР ДО РЕЧЕНИЦА

  

  

  

  

  

 Разгледај ги сликите, состави реченица и кажи ја!

# СОСТАВИ РЕЧЕНИЦА









 Кажи што гледаш на сликата! Состави реченица!

 Продолжете така со дополнување збор во реченицата!

 Наставникот кажува непотполна реченица, а потоа ученикот ја дополнува со еден збор, на пример:

Денес бев...

Денес бев на училиште



Јас кажувам:



Ти дополнуваш:

1. Јас видов една...
2. Јас седам на...
3. Ние играме со...
4. Ние разгледуваме...
5. Јас бришам со...
6. Ние броиме со...
7. Јас сечам со...

# МОЕТО СЕМЕЈСТВО



 Разговор со учениците за тоа што гледаат на сликата.

 Одговори ги прашањата:

1. Кажи што е слично, а што различно кај ова семејство во споредба со твоето семејство?
2. Раскажи интересна случка од твоето семејство!
3. Раскажи како го прослави твојот роденден!



 Кога ова би биле членови на твоето семејство, што би им подарил/а? Поврзи!

 Драматизирај во семејно-драмското катче кој што прави или работи!

„Наставникот ја рецитира стихотворбата „На кого личам" и разговара со учениците.



**НА КОГО ЛИЧАМ**

Во моето семејство
секој мисли дека на него личам
мама вели на неа имам
коса медова боја.
Тато вели, од мене
ја наследи насмевката твоја.
На дедо имам очи сини
на баба мали ушиња, фини.
А јас се чувствувам како сложувалка
мала, секој на мене ко делче да реди.
Но, не личам ни на тато, дедо, баба, мама
јас личам на себе сама.

Т.Ш.

Наставникот го чита текстот и води разговор според содржината.

**НАЈУБАВАТА КУЌА**



Во горава застуде, почна да врне снег. Настапуваше зима. Мечката се прибра со своите мечиња во пештерата.

- Ова е нашиот убав дом, тука е топло и суво - им рече на мечињата пред да го започне својот зимски сон.

- Мојата куќа е најубава и најтопла - рече бувот, сместен во празнината на старото дрво.

- Од мојата куќичка нема поубава и поудобна - си рече верверичката.

- Надвор студи, дува, а јас си седам на меко и на топло и крцкам лешничиња.

На прозорецот од убавата куќа стои детето. Надвор е студено, врне, дува.

- Колку е убава нашата куќа! Колку е пријатно и топло во неа - си вели детето и му благодари на својот вреден татко што ја изградил куќата.

Одговори на прашањето: Чија куќа била најубава?

## ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

 Раскажи што гледаш!





Сања



Миле



Аце









 Одговори на прашањата:

1. Што јаде Сања?
2. Што јаде Миле?
3. Што јаде Аце?
4. Дали Сања јаде круши и јаболка?
5. Дали Аце јаде торта?
6. Дали Миле јаде круши и грозје?
7. Кој од нив најмногу јаде зеленчук?
8. Кој од нив најмногу јаде слатки?

 Прашај го другарчето што сака да јаде и што не сака да јаде!



**НА ДАДЕН ОДГОВОР, ПОСТАВИ ПРАШАЊЕ**



Баба прави колачи.
Примери:
Прашање: Кој прави колачи?
Прашање: Што прави баба?



Децата играат со коцки.
Прашање



Паѓа снег.
Прашање



Девојчето црта.
Прашање



Детето игра фудбал.
Прашање



Детето спие.
Прашање

## СОСТАВИ РЕЧЕНИЦА СПОРЕД СЛИКИТЕ



зелка



зајак



санка



дете



книга



дете



библиотека



дрво



есен



лист



дете



играчки



реди



полица



млеко



чинија



маче



пие



Состави реченици според сликите, но внимавај на редоследот на зборовите!

 Обој толку квадратчиња колку што има зборови во реченицата!

Девојчето игра со кукла.



Сонцето силно свети.



Паѓа снег.



Детето јаде цреши.



Децата одат на училиште.



Птицата лета.



Рибата е во аквариум.



## ДРВОТО И ПТИЦИТЕ



Една птица го замоли дрвото:

„Дозволи ми на тебе да се одморам”.

„Одмори се” - рече дрвото.

Дојде втора птица и рече:

„Дозволи ми на твојата гранка да си направам гнездо”.

„Направи си” - рече дрвото.

Дојдоа тука уште многу птици, па си направија гнезда и летаа, скокаа и пееја како во своја куќа.

Тоа го забележа трнливата грмушка и му рече на дрвото:

„Ги пушташ тие птици да скокаат по тебе, а мене ниедна не смее да ми пријде”.

Доброто дрво ѝ одговори:

„Јас не ги хранам моите гранки само за мене, туку и за другите, и многу ми е мило кога можам да им дадам засолниште на други и да им причинам радост, а тебе никој не те сака”.



Наставникот го чита текстот „Дрвото и птиците”, а потоа разговара со учениците за сè што се случува во текстот.
Пример: Кој лик им се допаѓа најмногу?

## СОСТАВИ ПРИКАЗНА













Погледни ги сликите и обиди се да составиш своја приказна!
Одговори на прашањето:
Зошто мислиш дека зајачето е радосно?

# ДЕН - НОЌ



Наставникот го започнува часот со играта „Ден - ноќ“, а потоа ги прашува учениците што правеле тоа утро пред да дојдат на училиште.
Наставникот раскажува краток текст за Миле.



Наутро Миле се буди, се облекува, појадува и оди на училиште.



Напладне тој руча, игра, црта, гледа сликовница.



Навечер гледа ТВ, ги средува играчките, вечера, се мие и оди да спие.



Раскажи што правиш кога е ден, а што правиш кога е ноќ!

## ДЕНОВИ

Првиот брат понеделник,
прв се качува на греда.
По него оди вторник,
па сестричката среда.
Потоа четврток се реди,
а петок по него следи.
Шестиот во редот е сабота.
Во недела одмораме
и се подготвуваме за работа.

 

Учениците го гледаат календарот на времето, разговараат за тоа што работеле во изминатите денови од неделата.

# ШТУРЕЦОТ И МРАВКАТА



Наставникот ја чита басната „Штурецот и мравката”.

ШТУРЕЦОТ И МРАВКАТА

Додека беше лето, природата беше убава, шарена и во летната жега насекаде се слушаше црцорењето на штурците кои ја пееја својата животна радост. А, долу, на земјата, мравките не знаеја за одмор: собираа семиња, зрнца, трошки, бобинки и тивко, без врева, без да здивнат, ги носеа во своите подземни домови.

Штурчото Мрзливко ги гледаше работливите мравки и им се смееше мислејќи дека не знаат да уживаат во животот и во летото кое секому дарува топлина и зрели плодови.



Летото мина, мина и есента, па дојде зима. Заврна и снег. Вредните мравки си живееја среќно и весело во своите топли домови, уживајќи во плодовите на својата неуморна работа од цело лето. Еден студен зимски ден, некој тропна на вратата на едно семејство мравки. Мајката мравка отвори и на прагот го виде изгледнетиот и изземнат Штурчо Мрзливко, оној истиот кој цело лето свиреше по ливадата и се потсмеваше.



-Те молам, прими ме во твојот дом и дај ми нешто да каснам за да преживеам до пролет. Налето ќе ти се одолжам - изусти Штурчо Мрзливко.

Мравката, која со голем труд работела за да презими, го праша:

- А што правеше летоска?

- Летоска? Свирев и пеев! - одговори Штурчо Мрзливко.

- Ако е така - му рече мравката - тогаш зимава играј! - и му ја тресна вратата пред нос, оставајќи го надвор да ѕемне гладен.



Одговори на прашањата:

1. За кого се зборува во басната?
2. Што правел штурецот во текот на летото, а што мравката?
3. Што се случило кога дошла зимата?
4. Опиши ги мравката и штурецот.

# ТРИТЕ ПРАСИЊА

  Разгледај ги сликите и кажи за која приказна станува збор.











 Доврши ја приказната!

# ЗИМА







Опиши ја зимата според цртежите! Симе...
Опиши ја твојата зимска облека!
Кажи дали ја сакаш зимата и зошто?
Прашај го другарчето до тебе дали ја сака зимата и зошто?

# НОВОГОДИШЊА СЛИКА

Нацртај!



# НОВА ГОДИНА

Учениците ја опишуваат новогодишната елка што ја украсиле дома. Зборуваат за своите желби, што сакаат да добијат за Нова година, што им посакуваат на своите родители, брат, сестра, другарчиња.

Нацртај новогодишна честитка!



**Дојди Нова година**

Дојди Нова година
весела со среќа
донеси ми подароци
цела една вреќа.

Дојди Нова година
На крилата снежни
Израдувај и насмевни
обравчиња детски
нежни.

Во тебе Нова година
сите да сме здрави
љубовта и среќата
со песна да се слави.

Раскажете како ја прославувате Нова година во својот дом!

Драматизирајте во семејно-драмското катче!

# ПОЖАР ВО ШУМАТА



Верверичките Станко и Марко се во шумата на излет. Запалиле оган за да ја испечат храната.



Се обидоа да го изгаснат пожарот но, не успеаја.



Бувот Оливер летна и ја викна противпожарната екипа.



Сите животни помагаа во гаснењето на пожарот.



Пожарот се изгасна, но животните останаа без дом.



Одговори на прашањата.

1. Кој беше на излет и каде?
2. Што правеа Марко и Станко?
3. Кој ги повика пожарникарите?
4. Кои се членови на пожарникарската екипа?
5. Кој го изгасна огнот?
6. Каква штета е направена?
7. Како треба да се однесуваш во шума?



Состави слична приказна!



## РАСКАЖИ ЈА „ЦРВЕНКАПА” СПОРЕД СЛИКИТЕ!












### ВЕСНИЦИ НА ПРОЛЕТТА

Другарчиња, погледнете,
едно дете викна.
Кокиче бело
под снегот никна.

Многу бргу по него,
качунката се јави,
на нежното кокиче
друштво да му прави.

Детето весело
од она што го виде,
на сите им рече
пролет веќе иде.



# ПРОЛЕТТА ПРИСТИГНА






 Спореди ги сликите на есента, зимата и на пролетта!

 Нацртај и обој расцутено овошно дрво!



## ШТО МОЖЕМЕ ДА ПРОЧИТАМЕ





























 Заокружи што ти е познато!

  Погледни и кажи што гледаш и што можеш да „прочиташ”!

# НА ТЕАТАР, КИНО





Разгледај ги сликите и разговарај како се однесуваат луѓето на првата слика, а како на втората слика!

Како треба да се однесуваме во кино, театар, музеј...

Посети театарска претстава, но не заборавај како треба да се однесуваш во театар.

Нацртај што друго не се прави во театар или во кино.

Предлог за наредниот час: Посетете со учениците една театарска или кино-претстава, а потоа разговарајте за главните ликови, што се случувало, што им се допадало најмногу.

# ЈАС И МОЕТО ДРУГАРЧЕ

Една од твоите омилени работи е гледање цртани филмови. Том и Џери е цртаниот филм кој сигурно си го гледал/а.



Том



Џери

Кој е твојот омилен лик?

 Обој го квадратчето до сликата!

 Драматизирај еден цртан филм со Том и Џери!

 Разговарај и кажи зошто го одбра тој лик!

Јас како Том

Јас како Џери

 Во првото крукче нацртај како се чувствуваш во улогата на Том,
а во другото крукче како се чувствуваш во улогата на Џери!

# ТВ-ЕМИСИИ



Наставникот разговара со учениците за тоа кои ТВ-емисии најмногу им се допаѓаат.



Ноди




Златно славејче



Пепа



Спајдермен




Бушава азбука



Нинџа желки



Заокружи кои од овие ТВ-емисии ги препознаваш!



Наставникот пушта две снимени македонски народни приказни.



Кажи: Каде се случува приказната, кои се главните ликови?



Нацртај го делот од приказната кој најмногу ти се допадна!



Предлог за наредниот час:
Посетете ТВ-студио со учениците, за да видат како се снима ТВ-емисија. Да се воведат во наставата: емисии, серии, филмови за деца, музички програми за деца и др.

# СЛУШАЈТЕ РАДИО

Наставникот овозможува учениците да слушаат детска радио-емисија.

Се пушта снимена емисија каде што се слуша женски, машки, детски, поспан и лут глас.







Обој го квадратчето кога ќе препознаеш машки, женски, детски, поспан и лут глас!

Слушај детска радио-емисија и нацртај што ти се допадна најмногу!

Предлог за наредниот час:

Учениците нека играат улога „радиорепортер”.
Група деца зад параванот прават нешто, а ученикот кој е репортер ги известува другите ученици за она што го гледа.
Потоа ги менуваат улогите.

# ИЗМИСЛИ ДЕЛ ОД ПРИКАЗНАТА



Учениците се делат во групи и на дадена серија слики, заедно измислуваат крај на приказната.



Деца садат дрво.



Дете го полева дрвото.



Дете бере јаболка.





Разгледај ги сликите и кажи што мислиш дека се случило на празната слика!



Одат на излет.



На излет.



Се враќаат од излет.



Кажи што се случило на почетокот на приказната!

## ПРИКАЗНА СПОРЕД СЛИКИ









 Подреди ги сликите, а потоа раскажи што се случува!

### ИСПРЕВРТЕНА ПЕСНА

Баба бричи брада,
жаба јаде чоколада.
Дедо фустан носи,
бела кокошка трча
со нозете боси.
Сара снесеното
јајце го бара.
Бојан крека во
блиската бара.

 Можно ли е ова да се случи? Заменете ги местата на зборовите во стихотворбата, за да биде како што треба.

# ЛИКОВИ ОД ПОЗНАТИ ПРИКАЗНИ


Наставникот чита опис од три познати приказни, а учениците ги препознаваат и ги именуваат.

„Покрај прозорецот со рамка од црно абоносово дрво, седеше кралицата и шиеше. Гледајќи го снегот, таа се боцна во прстот и три капки крв паднаа во снегот. Румената крв многу убаво се истакнуваше во белиот снег, па кралицата си помисли: Ах, да ми е детево бело како снегов, румено како крвта и да има коса како рамките од прозорецов! Навистина, потоа кралицата роди девојче, бело како снег, румено како крв и имаше коса како абонос, па поради тоа го нарекоа...”

---

„Во кујната таа мораше од утро до вечер да работи тешки работи: да станува рано, в зори, да донесе вода, да го запали огнот, да готви и да пере. Освен тоа, двете полусестри ѝ задаваа и секакви јадови: се подбиваа со неа, истураа грашок и леќа во песок, а нејзе ѝ велеа да ги истреби. Кога навечер ќе седнеше, премалена од работа, таа мораше да легне покрај огништето, во пепелта, зашто за неа немаше постела. Поради тоа, секогаш беше прашлива и извалкана, па ја нарекоа...”

---

„Си беше еднаш едно мило, убаво девојче кое секој би го засакал штом би го видел. А нејзе баба ѝ ја сакаше толку многу што не знаеше како да ѝ угоди на внуката. Еднаш бабата ѝ подари едно капче од црвено кадифе, кое на девојчето му стоеше толку убаво, што тоа не сакаше ништо друго да носи. Поради тоа, девојчето го нарекоа...”


Погоди и кажи, за кои ликови станува збор?


Снежана


Црвенкапа


Пепелашка

 
Погледни ги и опиши ги ликовите од приказните!

## ПРЕПОЗНАЈ ЈА ПРИКАЗНАТА

Наставничката чита делови од приказната.

... Таа трчаше низ шумата. Беше исплашена и изморена. Дојде до една ливада на која имаше куќичка.




... Ја отвори вратата и внатре здогледа масичка со седум столчиња наредени околу неа, седум чинии, седум чаши, седум виљушки, седум лажичиња.




Наставникот ја чита приказната сè додека учениците не ја препознаат.

Насоки за наредниот час: Учениците ги опишуваат ликовите од приказните што им се допаѓаат.

### НАЈДИ ГО ПАРОТ










Поврзи ги ликовите од иста приказна!

## ДОПОЛНИ ЈА СТИХОТВОРБАТА



Во библиотекарското катче, учениците ги рецитираат научените стихотворби.



Наставникот ја рецитира стихотворбата „Малата Рада”. На местото на испуштените зборови, наставникот истакнува слика. Учениците учествуваат во пронаоѓањето на соодветните зборови и ја довршуваат стихотворбата.

**МАЛАТА РАДА**

МАЛАТА РАДА ЛИЦЕ СИ  (мие)

НЕЈЗИНАТА БАБА ФУСТАНЧЕ Ѝ  (шие)

НА УЧИЛИШТЕ ЌЕ ОДИ
ВЕСЕЛО СЕ  (смее)

ТАМУ ЌЕ НАУЧИ
ПЕСНИ ДА  (пее)

Активноста може да се повтори со друг текст.

**ПРОНАЈДИ ЗБОРОВИ ШТО ЗВУЧАТ СЛИЧНО**



Во разговорот со учениците се пронаоѓаат зборови што звучат слично. Наставникот може да ги понуди следниве зборови, кои се преставени со слика:


баба


бебе


роза


жаба


шие


мие


ќебе


коза



Поврзи ги паровите што звучат слично!

## СЛУШАЈ И ОТКРИЈ

 Наставникот се договара со тројца ученици (без другите да знаат) да играат улоги на различни професии. Учениците не користат костими, туку само разговараат меѓу себе.

На пример:



готвач

Каков ручек подготвив денес, со предјадење, супа од домати...

Луѓето денес многу јадат хамбургери, чизбургери и што ли уште не. Денес имав многу деца кои се жалеа на болки во стомакот...



лекар

Ајде повелете, здрава храна, домати, пиперки, салата!



продавач

Денес играв многу добро, дадов еден гол и публиката беше многу среќна.





фудбалер

 Слушај внимателно!

 Погоди кој што работи!

# ДРАМАТИЗАЦИЈА „ВО ПРОДАВНИЦА”



Активностите се изведуваат во семејно-драмското катче. Наставникот уште еднаш ги потсетува учениците на зборовите за културно однесување.

Со бројалка се избира продавач, касиер, шестмина купувачи. Учениците што ќе купуваат добиваат список на кој е нацртано што треба да купат. Тие го „читаат” списокот, купуваат и „плаќаат” со „монети” од 1, 2, и 5 денари и со „банкнота од 10 денари.



9 ден.



10 ден.



3 ден.



8 ден.



4 ден.



6 ден.



5 ден.



Наставникот прашува што купија учениците.



Ученикот-ученичката одговара според списокот кој го добил/а и го „прочитал/а”.

## ДРАМАТИЗАЦИЈА „ВО РЕСТОРАН”

Активноста се изведува во семејно-драмското катче, каде што се организира ресторан. Со бројалка се делат улогите: келнер, шеф на сала, готвач, гости во ресторанот. Гостите добиваат мени. Гостите го читаат менито и порачуваат. Келнерот ја прима порачката и му ја пренесува на готвачот.

Учениците се менуваат и играат различни улоги и притоа внимаваат на зборовите за културно однесување.







### МЕНИ






„Прочитај” го менито, според сликите и кажи кој производ колку чини!

# ИЗМИСЛУВАЊЕ ПРИКАЗНА СПОРЕД СЛИКИ













Измисли приказна според сликите!

# ЛЕТОТО НИ ДОАЃА











Разгледај ги сликите и кажи што гледаш на нив!

Раскажи: Каде беше и што правеше минатото лето?

Спореди ги сите годишни времиња!

**ПОВТОРИ ПО ЛИНИИТЕ**



# ПРЕПОЗНАЈ БУКВА


Разговор за тоа дали некој ученик или ученичка има име или презиме што започнува на буквата А.

**А**


алигатор


облак


автобус


топка


Каде го слушаш гласот А, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата А!


**Заокружи ја буквата А!**

**АНА НАУТРО СТАНУВА РАНО.**
**ПРАВИ ФИСКУЛТУРА, МИЕ ЛИЦЕ, ЗАБИ И ПОЈАДУВА.**
**ПОТОА ОДИ НА УЧИЛИШТЕ.**

\ \ \


Разговор за тоа дали некој ученик или ученичка има име или презиме што започнува на буквата Б.

**Б**


бумбарче


балон


лебед


гулаб


Каде го слушаш гласот Б, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата Б!


**Заокружи ја буквата Б!**

**БАБА БЛАГА ПРАВИ ПИТА. ДЕДО БОРИС НАРАМИ ДРВА НА ГРБ. ЌЕ ЈА ЗАПАЛИ ПЕЧКАТА. ПИТАТА СЕ ПЕЧЕ, А БАБА БЛАГА И ДЕДО БОРИС ПИЈАТ СТУДЕНА БОЗА.**

) ) )

# ПРЕПОЗНАЈ БУКВА

 Разговор за тоа дали некој ученик или ученичка има име или презиме што започнува на буквата В.

# В



волк



вазна



крава



лав

 Каде го слушаш гласот В, на почетокот на средината или на крајот?

 Нацртај нешто што почнува на буквата В!

 **Заокружи ја буквата В!**

**ВОЗОТ ОДИ ВО ВЕЛЕС. ВО ЕДЕН ВАГОН СЕ ВЛАТКО И СЕСТРА МУ ВЕСНА. ТИЕ ОДАТ НА СЛАВА КАЈ ВУЈКО СТЕВО И ВУЈНА НЕВЕНА. ЗАТОА НОСАТ ЦВЕЌИЊА.**

) ) )

---

 Разговор за тоа дали некој ученик или ученичка има име или презиме што започнува на буквата Г.

# Г



гулаб



глувче



книга



круг

 Каде го слушаш гласот Г, на почетокот на средината или на крајот?

 Нацртај нешто што почнува на буквата Г!

 Заокружи ја буквата Г!

**ГАЛЕНА ИМА ГУЛАБ. ГО ГАЛИ, НО ГУЛАБОТ НЕ ГУКА. ГО ПУШТИЈА ДА ЛЕТА И ГУЛАБОТ ПОЧНА ДА ГУКА. ГАЛЕНА ГО ГЛЕДА И Е СРЕЌНА.**

| | |

# ПРЕПОЗНАЈ БУКВА


Разговор за тоа дали некој ученик или ученичка има име или презиме што започнува на буквата Д.

Д


диносаурус


дрво


крокодил


тросед


Каде го слушаш гласот Д, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата Д!


**Заокружи ја буквата Д!**

**ДЕДО ДИМО СЕДИ НА ДРВЕНА КЛУПА ПОД ЕДНО ДРВО. ГЛЕДА ВО ДАЛЕЧНИТЕ ПЛАНИНИ И ГО СЛУША ДУВАЊЕТО НА ВЕТРОТ. НАД НЕГО, НА ГРАНКИТЕ ОД ДРВОТО, ПТИЦИТЕ СЕ ПОДГОТВУВААТ ДА ЗАМИНАТ НА ЈУГ.**

\ \ \

---


Разговор за тоа дали некој ученик или ученичка има име или презиме што започнува на буквата Ѓ.

Ѓ


Ѓурѓа


ѓезве


ѓеврек


веѓа


Каде го слушаш гласот Ѓ, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата Ѓ!


**Заокружи ја буквата Ѓ!**

**ЃОРЃИ БЕШЕ ВО ЧАРШИЈА. ДОАЃА ДОМА СО НОВ ЃУМ И ЃЕЗВЕ. ЃУРЃИН ПРАВИ ЃОМЛЕЗЕ. ЃОРЃИ ЈАДЕ ЃЕВРЕК.**

| | |

# ПРЕПОЗНАЈ БУКВА


Разговор за тоа дали некој ученик или ученичка има име или презиме што започнува на буквата Е.

**Е**


еж


елка


ракета


теле


Каде го слушаш гласот Е, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата Е!


**Заокружи ја буквата Е!**

**ЕЛЕНА И ЕНА ЈАДАТ ЛУБЕНИЦА. СЕ СЛАДАТ И СЕМКИТЕ ГИ СТАВААТ НАСТРАНА, ЗА СЕМЕ. ЌЕ САДАТ ЛУБЕНИЦИ ЗА СЛЕДНОТО ЛЕТО.**

— — —

---


Разговор за тоа дали некој ученик или ученичка има име или презиме што започнува на буквата Ж.

**Ж**


желка


жаба


полжав


еж


Каде го слушаш гласот Ж, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата Ж!


**Заокружи ја буквата Ж!**

**ВО ШУМАТА, ВЕРВЕРИЧКАТА СОБИРА ЖЕЛАДИ. ЖАБАТА Е ВО БАРАТА, А ЕЖОТ СЕ КРИЕ ВО СУВИТЕ ЛИСЈА. ЖЕРАВОТ СЕ ПОДГОТВУВА ЗА ПАТ ВО ТОПЛИТЕ И ЖЕШКИ КРАИШТА.**

\ \ \

# ПРЕПОЗНАЈ БУКВА


Разговор за тоа дали некој ученик или ученичка има име или презиме што започнува на буквата З.

**З**


зебра


зајак


коза


воз


Каде го слушаш гласот З, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата З!


**Заокружи ја буквата З!**

**ЗАЈАКОТ ЈАДЕ СВЕЖА ЗЕЛКА. ЗОРАН ЈАДЕ ПИТА ОД ПРАЗ,**
**А ПАК МАЛАТА МАТЕЈА ИЗЕДЕ ЦЕЛА ЧИНИЈА ГРИЗ.**

) ) )

---


Разговор за тоа дали некој ученик или ученичка има име или презиме што започнува на буквата Ѕ.

**Ѕ**


Ѕвездана


ѕидар


ѕвоно


ѕуница


Каде го слушаш гласот Ѕ, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата Ѕ!


**Заокружи ја буквата Ѕ!**

**ЧАСОВНИКОТ ЗАЅВОНИ. ЅВЕЗДАНА ГИ ОТВОРИ ОЧИТЕ И ПОГЛЕДНА НИЗ ПРОЗОРЕЦОТ. НАДВОР НЕМАШЕ ЅВЕЗДИ ТУКУ ОГРЕАЛО СОНЦЕ, А ТАТО ВЕЌЕ ГО ЅИДАШЕ ЅИДОТ НА ГАРАЖАТА.**

Ↄ Ↄ Ↄ

# ПРЕПОЗНАЈ БУКВА

Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата И.

И



индијанец



игла



малина



панталони

Каде го слушаш гласот И, на почетокот на средината или на крајот?

Нацртај нешто што почнува на буквата И!

**Заокружи ја буквата И!**

**ИЛИЈА ИМА НОВИ ИГРАЧКИ. ТЕТКИТЕ И ЧИЧКО МУ ЗА РОДЕНДЕН МУ КУПИЈА: СЛОЖУВАЛКИ, ТОПКИ И СЛИКОВНИЦИ.**

/ / /

---

Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Ј.

Ј



јагне



јагоди



чајник



ној

Каде го слушаш гласот Ј, на почетокот на средината или на крајот?

Нацртај нешто што почнува на буквата Ј!

**Заокружи ја буквата Ј!**

**ЈАНА ЈА ОБЛЕЧЕ ЈАКНАТА, ГО ЈАВНА КОЊОТ И ОТИДЕ ВО ШУМАТА. ТАМУ НАБРА ЈАГОДИ ЗА СВОЕТО БОЛНО ДРУГАРЧЕ ЈАНЕ.**

Ј Ј Ј

## ПРЕПОЗНАЈ БУКВА


Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата К.

К


кокошка


круша


топка


грашок


Каде го слушаш гласот К, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата К!


**Заокружи ја буквата К!**

**КАТЕ ИМ ФРЛАШЕ ПЧЕНКА НА КОКОШКИТЕ ВО ДВОРОТ. МАЈКА Ѝ ВО КУЈНАТА ПРАВЕШЕ ВКУСНИ КРОФНИ. МИРИСОТ СЕ ШИРЕШЕ ДУРИ ДО КАТЕ.**

/ / /

---


Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Л.

Л


лебед


лист


балон


стол


Каде го слушаш гласот Л, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата Л!


**Заокружи ја буквата Л!**

**ЛАЗЕ И ЛИЛЈАНА СЕ ЛУЛАА НА ЛУЛАШКАТА. ТИЕ ЦЕЛ ДЕН ЌЕ ОСТАНАТ ВО ЛУНА ПАРКОТ, А ПОТОА ЌЕ ОДАТ ВО ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА ЗА ДА ГИ ВИДАТ ЛАВОТ, ЛАМАТА, ЛИСИЦАТА, ВОЛКОТ И ДР. ЖИВОТНИ.**

| | |

## ПРЕПОЗНАЈ БУКВА


Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Љ.

# Љ


Љубица


љубов


Каде го слушаш гласот Љ, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата Љ!


**Заокружи ја буквата Љ!**

**ЉУБЕН Е МНОГУ ЉУБЕЗЕН. ТОЈ МНОГУ САКА ДА ОДГЛЕДУВА ЉУБИЧИЦИ.**

---


Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата М.

# М


мече


морков


комарец


аквариум


Каде го слушаш гласот М, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата М!


**Заокружи ја буквата М!**

**МАЛАТА МИЛИЦА ИМА МАЛО МАЧЕ МИЛЕНИЧЕ. НА МАЧЕТО МУ ДАДЕ МЛЕКЦЕ. ТАА ГО МИЛУВА И МУ ВЕЛИ: МИЛО МОЕ МАЧЕ, НАПИЈ СЕ МЛЕКЦЕ И ЌЕ ПОРАСНЕШ ГОЛЕМО.**
**ТАКА МИ ВЕЛИ МОЈАТА МАЈКА.**

# ПРЕПОЗНАЈ БУКВА

 Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Н.

# Н



ној



нож



пенкало



лимон

 Каде го слушаш гласот Н, на почетокот на средината или на крајот?

 Нацртај нешто што почнува на буквата Н!

 **Заокружи ја буквата Н!**

**НЕНА Е НА ПЛАНИНА. ТАА И СТРИНА Ѝ ДОБРИНКА СОБИРААТ НАНЕ. НЕНА Ѝ ВЕЛИ: КОЛКУ УБАВО МИРИСА НАНЕТО. И ЧАЈОТ ОД НАНЕ Е МНОГУ ВКУСЕН - ВЕЛИ СТРИНА ДОБРИНКА.**

---

 Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Њ.

# Њ



Њујорк



свиња



коњ

 Каде го слушаш гласот Њ, на почетокот на средината или на крајот?

 Нацртај нешто што почнува на буквата Њ!

 **Заокружи ја буквата Њ!**

**ТАЊА И САЊА ОТИДОА НА ПРОШЕТКА. НА БЛИСКАТА ЛИВАДА ГО ВИДОА ЧИЧКО КОЛЕ КАКО ГО ШЕТА СВОЈОТ КОЊ. “КОЛКУ Е УБАВ КОЊОТ“ - РЕЧЕ ТАЊА. КОГА ЌЕ ПОРАСНАМ, БИ САКАЛА ДА ЈАВАМ КОЊ.**

## ПРЕПОЗНАЈ БУКВА


Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата О.

О


овца


оса


коза


гребло


Каде го слушаш гласот О, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата О!


**Заокружи ја буквата О!**

**ОЛЕ МНОГУ САКА СЛАДОЛЕД. ЗАТОА ПОСТОЈАНО ОДИ ВО СЛАТКАРНИЦА И КУПУВА СЛАДОЛЕД ОД ЧОКОЛАДО.**

○○○

---


Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата П.

П


папагалче


пеперутка


тапан


срп


Каде го слушаш гласот П, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата П!


**Заокружи ја буквата П!**

**ТЕТКА ПАВЛИНА ПЛЕТЕ ЧОРАПИ ЗА ДА Ѝ ГИ ПОДАРИ НА НЕЈЗИНАТА ПРИЈАТЕЛКА ПЕТРА ЗА ПРАЗНИК.**

| | |

## ПРЕПОЗНАЈ БУКВА

Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Р.

**Р**



рак



риба



крокодил



дабар

Каде го слушаш гласот Р, на почетокот на средината или на крајот?

Нацртај нешто што почнува на буквата Р!

**Заокружи ја буквата Р!**

**РИСТЕ Е РИБАР. ЛОВИ РИБА СО ТРСКА НА РЕКАТА РАДИКА. ТЕТКА МАРА ЈА ВКЛУЧИЛА РЕРНАТА ЗА ДА ПЕЧЕ РИБА ЗА РУЧЕК.**

Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата С.

**С**



славејче



слива



гасеница



нос

Каде го слушаш гласот С, на почетокот на средината или на крајот?

Нацртај нешто што почнува на буквата С!

**Заокружи ја буквата С!**

**СЛАВЕ И ТАСЕ ИГРАА БОСИ НА ТРЕВА. ГИ ВИДЕ ЕДНА ОСА И ИМ РЕЧЕ: НЕ СЕ ИГРА БОС. ВЕДНАШ ДА СИ ОБЛЕЧЕТЕ САНДАЛИ, ЗАШТО ЌЕ ВЕ БОЦНАМ.**

С С С

# ПРЕПОЗНАЈ БУКВА

 Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Т.

Т


тигар


телефон


автомобил


кревет

 Каде го слушаш гласот Т, на почетокот на средината или на крајот?

 Нацртај нешто што почнува на буквата Т!

 **Заокружи ја буквата Т!**

**ТЕТКА ТРПАНА ТРГНА СО ТОРБАТА ВО СУПЕРМАРКЕТ. ТАМУ ЌЕ ПАЗАРИ КРАСТАВИЦИ, ДОМАТИ, ШПАГЕТИ, ТЕГЛА СО СЛАТКО ОД ТИКВА.**

| | |

 Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Ќ.

Ќ


учителот Ќамил


ќуп


куќа


спанаќ

 Каде го слушаш гласот Ќ, на почетокот на средината или на крајот?

 Нацртај нешто што почнува на буквата Ќ!

 **Заокружи ја буквата Ќ!**

**КОСОТ СТОЕШЕ НА ЕДНА ГРАНКА ОД ЕДЕН СТАР БОР. ДОЈДОА ЛОЗАРИТЕ ДА ГО ПОКАНАТ НА САДЕЊЕ, А ТОЈ ИМ ВЕТИ: ЌЕ ДОЈДАМ И ЌЕ ПОМАГАМ КОГА ГРОЗЈЕТО ЌЕ СТАСА ЗА БЕРЕЊЕ.**

/ / /

## ПРЕПОЗНАЈ БУКВА

Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата У.

# У


ут


уво


кукла


печурка

Каде го слушаш гласот У, на почетокот на средината или на крајот?

Нацртај нешто што почнува на буквата У!

**Заокружи ја буквата У!**

**УТРО Е. УБАВКА СЕ РАЗБУДИ, СТАНА И УБАВО СЕ ИЗМИ. ТАА Е УМНО ДЕВОЈЧЕ. ЗНАЕ ДЕКА ХИГИЕНАТА Е ПОЛОВИНА ЗДРАВЈЕ. ПОТОА ОТИДЕ ВО ШТАЛАТА, ГО ЗАУЗДИ, ГО ЈАВНА КОЊОТ УШКО И ГИ ЗАТЕГНА УЗДИТЕ. КОЊОТ ЛЕТНА КАКО МОЛЊА.**

/ / /

---

Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Ф.

# Ф


фока


фустан


телефон


сеф

Каде го слушаш гласот Ф, на почетокот на средината или на крајот?

Нацртај нешто што почнува на буквата Ф!

**Заокружи ја буквата Ф!**

**ФРОСИНА ЌЕ СВИРИ НА ФЛЕЈТА. МАМА Ѝ СОШИ НОВ ФУСТАН И ФРОСИНА Е СРЕЌНА. МАМА Е МНОГУ ГОРДА НА ФРОСИНА. ОТИДЕ НА ФРИЗЕР И НАПРАВИ ФРИЗУРА. САКА ДА БИДЕ УБАВА ЗА НАСТАПОТ НА СВОЈАТА ЌЕРКА.**

ɔ ɔ ɔ

# ПРЕПОЗНАЈ БУКВА



Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Х.

Х



Христијан



хармоника



хеликоптер



шах



Каде го слушаш гласот Х, на почетокот на средината или на крајот?



Нацртај нешто што почнува на буквата Х!



**Заокружи ја буквата Х!**

**ХРИСТИЈАН Е ХИГИЕНИЧАР ВО ОДДЕЛЕНИЕТО. ТОЈ СЕ ГРИЖИ СИТЕ УЧЕНИЦИ ХАРТИИТЕ ВО УЧИЛНИЦАТА ДА ГИ ФРЛААТ ВО КОРПА ЗА ОТПАД. ХРИСТИЈАН ПРЕКРАСНО СВИРИ ХАРМОНИКА, ОД СПОРТ САКА ХОКЕЈ НА МРАЗ. НЕГОВИОТ ТАТКО Е ПИЛОТ. ТОЈ ВОЗИ ХЕЛИКОПТЕР.**



Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Ц.

Ц



црвче



цуцла





маица



канаринец



Каде го слушаш гласот Ц, на почетокот на средината или на крајот?



Нацртај нешто што почнува на буквата Ц!



**Заокружи ја буквата Ц!**

**ЦВЕТА ЦРТА ЦРТЕЖ. НА ЦРТЕЖОТ НАЦРТА ЦВЕЌИЊА И ДРВО СО ЦРЕШИ. ЦРЕШИТЕ СЕ ВКУСНИ И ЦРВЕНИ, А ЦВЕЌИЊАТА УБАВО МИРИСААТ. ЦВЕТА НАЦРТА И ОБЛАЦИ И ГОЛЕМО СОНЦЕ. ТАА САКА ЦРТЕЖОТ ДА БИДЕ ВЕСЕЛ.**

## ПРЕПОЗНАЈ БУКВА


Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Ч.

Ч


чавка


чадор


печурка


клуч


Каде го слушаш гласот Ч, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата Ч!


**Заокружи ја буквата Ч!**

**МАЛИОТ ЧЕДО УТРОТО СЕ РАЗБУДИ. СТАНА ОД КРЕВЕТ, ГО НАМЕСТИ ЧАРШАФОТ И ОТИДЕ ВО БАЊАТА. ТАМУ СИ ГО ИЗМИ ЛИЦЕТО, СИ ГИ ИСЧЕТКА ЗАБИТЕ СО ПАСТА И ЧЕТКА И ЈА ИСЧЕШЛА КОСАТА СО ЧЕШЕЛ. СЕ ПОГЛЕДНА ВО ОГЛЕДАЛОТО И СИ РЕЧЕ: БРАВО ЧЕДО, СЕГА СИ ЧИСТ УЧЕНИК.**

C C C

---


Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Џ.

Џ


џивџи


џуџе


тенџере


Каде го слушаш гласот Џ, на почетокот на средината или на крајот?


Нацртај нешто што почнува на буквата Џ!


**Заокружи ја буквата Џ!**

**ОЏАЧАРОТ ЏЕМАИЛ ИМА НОВ ЏЕМПЕР. НА ЏЕМПЕРОТ ИМА ЏЕБОВИ. ВО ЏЕБОВИТЕ ЧУВА ЏАМЛИИ ЗА СВОЈОТ СИН.**

___ ___ ___

# ПРЕПОЗНАЈ БУКВА



Наставничката го чита текстот, а потоа учениците во него ја наоѓаат и ја заокружуваат буквата Ш.

Ш



штрк



шатор



кошница



кош



Каде го слушаш гласот Ш, на почетокот на средината или на крајот?



Нацртај нешто што почнува на буквата Ш!



**Заокружи ја буквата Ш!**

**ШАБАН Е ШИВАЧ. ТОЈ ШИЕ НА МАШИНА. СЕГА ШИЕ ВРАТОРСКА ЗА ТОШЕ И ШАРЕНИ ПАНТАЛОНИ ЗА МАША.**

## НАЈДИ ГИ ГОЛЕМИТЕ БУКВИ

### ИЗЛЕТ

Утро е. Маре и Бранко се подготвуваат да одат на излет. Ќе одат на Шар Планина. Од планината горе ќе го гледаат цело Тетово како на тепсија.

По патот ја видоа реката Вардар. Кога се качија на планината, извикаа: „Колку е убава нашата татковина Македонија!"


Заокружи ги големите букви во текстот!


Продолжи ги линиите!









**НА КРАЈОТ ИМА СЛИКИЧКИ. ЗАЛЕПЕТЕ ГИ НА МЕСТО НА СООДВЕТНИТЕ БУКВИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ц | Ч | Ж | Џ |
| А | И | Ј | Ѓ |
| S | Б | Д | К |
| З | Г | О | Л |
| В | П | Љ | Ш |
| Е | Њ | С | Н |
| М | | Р | Т |
| Х | У | Ќ | Ф |



# СЛИКИ



# ИЗБРОЈ ГИ БУКВИТЕ



маса



шал



кофа



топка



воз



кош



леб



чадор



Обој колку букви има во зборот!

**ПРОНАЈДИ ГИ И ОБОЈ ГИ СКРИЕНИТЕ БУКВИ**



# ЕСЕНСКА СЛИКОВНИЦА



Наставникот го чита следниов текст.

Сонцето грееше, но ја немаше таа сила од летото. Се појавија две мали намуртени облачиња. Го покрија сонцето и ги пуштија своите дождовни капки. Дечињата ги отворија чадорчињата за да не накиснат. Дрвјата ја променија својата облека. Сега ливчињата им станаа жолти, а птиците се собраа во јато и се упатија кон југ. Децата им мавтаа и им ветија дека ќе ги чуваат нивните гнезда.











Прилог слики. Исечи ги сликите, залепи ги по ред, а потоа прочитајте ја приказната.



# НАПРАВИ СВОЈА КНИГА

 Смисли приказна и нацртај ја!

| 1 | 2 |
| --- | --- |
| 3 | 4 |

Корица за книга

 Направи ја својата книга!

## СОСТАВИ ПРИКАЗНА



Учениците ги сечат сликите, земаат три слики по свој избор и од нив составуваат приказна.



Наставничката ја запишува приказната што ја составил ученикот/ученичката.






















## ОГЛЕДАЛЦЕ

Учествуваат: зајак, верверичка, птица, две големи мечки, две мали мечиња
ПИСАТЕЛОТ: На една ширинка во шумата лежело едно огледалце. Кој го изгубил не се знае: можеби овчарот кој овде поминал со стадото, можеби ловецот кој овде прилегнал да се одмори, можеби деца кои еднаш биле овде, кој би знаел? Огледалцето лежело и на него се огледувале час гранките, час небото, па сонцето, па облакот...
ЗАЈАКОТ: (Го зема огледалцето од тревата и се огледува во него.) О, па тоа е мојата слика! Само не можам да се сетам кога сум ја изгубил!
ВЕРВЕРИЧКАТА: (Скока од дрвото.) Што е тоа што си нашол!
ЗАЈАКОТ: Ја најдов својата слика. Само никако не можам да се сетам кога сум ја изгубил.
ВЕРВЕРИЧКАТА: Те молам, дај ми да ја видам! (Се огледува во огледалото.) Зајаку, па зар не гледаш дека тоа е мојата слика? Еве погледни подобро!
ЗАЈАКОТ: Хм! Ти не си при себе! Зар не ги гледаш моите убави и големи уши на оваа слика?
ПТИЦАТА: Што се карате?
ЗАЈАКОТ: Ја најдов својата слика, а верверичката тврди деке е нејзина! Сигурно видот не е во ред!
ВЕРВЕРИЧКАТА: Мојот вид е во најдобар ред, но во зајачката глава нешто се мати кога може да тврди нешто што не е. Тоа е мојата слика, еве погледни и ти птицо!
ПТИЦАТА: Ех, е баш и вие двајца сте ми биле паметни! Како можете да се карате, кога ова е мојата слика? Што ви е вам? Зар не гледате клун на оваа слика и дали некој од вас има клун?
МЕЧКАТА: Што се случило? Што е таа викотница?
ЗАЈАКОТ: Јас ја најдов својата слика, дојде верверичката и тврди дека е нејзина, а потоа и птицата вели дека тоа е нејзина слика. Еве, погледни ти медо!
МЕЧКАТА: Ха, ха! Па вие се карате за мојата слика! Тоа е мојата слика и ја носам во својот дом! (Излегува носејќи го огледалото.)
ЗАЈАКОТ: Чудно! (Излегува.)
ВЕРВЕРИЧКАТА: Ух, ух! (Излегува.)
ПИСАТЕЛОТ: И така медо заминува во својата куќа. Таму го дочекале неговата сопруга-мечка и нивните две мечиња.
„Гледајте - викна веднаш од прагот! „Ја нашол зајакот мојата слика на тревата во шумата, па настанало караница меѓу него, верверичката и птицата. Секој од нив тврди дека сликата е негова сé додека не дојдов јас и не видов дека сликата е моја. Еве, погледнете и вие!
Гледа неговата сопруга-мечка и вели: „Па се разбира тоа е мечкина глава !
Гледаат мечињата и велат: „Тоа си ти тато, кога си бил мал како нас!
„Така е, така е! Вие сте уште мали па ви се гледа смалено, но се гледа дека сте паметни на мене“, рече мечката и го закачи огледалцето на ѕид.

## ВОЛШЕБНИОТ ЗБОР

Кукли: Зоран-дете
Петел
Маче
Прасе
шарко
(Двор, ограда, клупа. Зоран си игра со топка. Одеднаш топката скокнува високо и паѓа зад оградата. Тој се качува на клупата, ѕирка низ оградата и вика).
Зоран: Еј, чичко дај ми ја топката! (Никој не одговара.) Дај ми ја топката кога ти велам! (Почнува да плаче. Влегува петелот.)
Петелот: Зошто плачеш Зоране?
Зоран: Топката ми падна во другиот двор. Еден чичко ми ја зеде. Му ја побарав, а тој не ми ја дава!

Петелот: Така ли е? Почекај, јас ќе ја побарам! (Се качува на клупата, ѕирка низ оградата.)Чичко, дај му ја топката на Зоран! (Никаков одговор.) Дај му ја топката, глув ли си!? (Никаков одговор.) Зошто не ни ја даваш топката, а-а- а?! (Почнува да плаче. Седнува на клупата до Зоран. Во тој момент влегува мачето и гледа зачудено).
Мачето: Мјау! Зошто плачеш?
Петелот: Топката на Зоран падна во другиот двор. Еден чичко ја зеде и не ни ја дава.
Мачето: Не може тој мене да не ми ја даде! (Се качува на оградата.) Еј, чичко, таа топка е на нашиот Зоран! Дај му ја! (Никаков одговор.) Дај му ја кога ти велам, Зоран плаче! Мјау! (Никаков одговор.) Дај ја топката-а-а! (Почнува да тупка со шепите и да плаче. Зоран и петелот се придружуваат).
Прасето: (Влегува трчајќи задишано). Каков е овој концерт? Толкава врева сте кренале, та децата не можат да заспијат.
Мачето: (плачејќи) На Зоран топката му паднала во другиот двор. Еден чичко не сака да ја даде-е-е!
Прасето: Затоа ли сте дигнале толкава врева? Еве, сега јас ќе му ја побарам, мене сигурно ќе ми ја даде! (Се качува на клупата и вика.) Чичко дај ми ја мене топката! (Никој не одговара.) Што? Не чув што рече! (Никој не одговара.) Децата треба да ми спијат, а тука сите плачат по топката. Грув, грув, грув. Ајде, да се обидеме сите! (Качени на клупата, наведнати на оградата, со грб кон публиката, плачејќи во еден глас.)
Сите: Дај ми ја топката-а-а-а!
Шарко: (Влегува трчајќи, ги гледа еден момент.) Што е ова што се случило овде? Секогаш, кога ме нема, ќе се случи нешто лошо. Зошто плачете?
Прасето: Топката на Зоран паднала во другиот двор. Еден чичко ја зел. Му ја бараме, а тој не ни ја дава и толку!
Шарко: Така ли? А го кажавте ли волшебниот збор? (Сите се вртат кон Шарко.)
Сите: Каков волшебен збор?
Шарко: Па, зар не го знаете?Јас ќе се обидам да ја земам.
Зоран: Тој не ми ја даде мене, што е лично моја, па ќе ти ја даде тебе!
Петелот: Напразно ќе бараш!
Мачето: Да не мислиш дека тој повеќе ќе те слуша тебе од нас?
Прасето: А можеби човекот е глув!?
Шарко: Ќе видиме. (Се качува на клупата.)Чичко дајте ми ја топката ... Ве молам! (Одеднаш топката скокнува, пред клупата).
Зоран: (Скокнува радосно.) Еве ја!
Петелот: Да, навистина, еве ја топката!
Мачето: Најпосле.
Прасето: (Се врти кон Шарко.) Зошто токму тебе ти ја врати?
Шарко: Ми помогна волшебниот збор.
Зоран: Па, кој е тој збор?
Шарко: (Се врти кон публиката.) Вие, деца, разбравте ли кој е тој збор? Да! Волшебниот збор е -Молам-, обидете се и вие, па ќе се уверите!

(ЗАВЕСА)

**СОДРЖИНА**

Ајде да се запознаеме ........ 5
Како те викале како мал........ 6
Кој сум јас........ 7
Што сакам да бидам кога ќе пораснам........ 8
Ги запознаваме другарчињата ........ 9
Емоции ........ 10
Мојот прв училиштен ден (Прваче)........ 11-12
Зошто одиме на училиште ........ 13-14
Мравката в училиште ........ 15
Другарство (В училиште)........ 16
Приказна за лакомиот крт Чипсо ........ 17
Правила на однесување в училница........ 18
Јас сум дежурен/а (најдов сликовница) ........ 19-20
Роденден на мојата татковина ........ 21
Септември ........ 22
Кој што работи в училиште ........ 23
Како поздравувам........ 24
Културно однесување ........ 25
Културно однесување во... ........ 26
Внимателно слушање (Брзо, брзо, брзозборка) ........ 27
Како разговараме на телефон ........ 28
Невербален говор........ 29
Како изгледа зеленчукот ........ 30
Зеленчук........ 31
На пазар........ 32
Овошје (Состави приказна според сликите)........ 33
Есенско овошје........ 34
Октомври е светол празник........ 35
Есенска слика ........ 36
Изговор на гласот Ш( Во шума) ........ 37
Изговор на гласот Л (Млеко)........ 38
Изговор на гласот З (Зајакот во зеленчуковата градина)........ 39
Изговор на гласот Ж (Жабата и жеравот) ........ 39
Го слушам гласот........ 40
Испуштени гласови ........ 41
Опис на предмети ........ 42
Јас кажувам, а ти погодуваш ........ 43
Кој што работи и што користи........ 44
Што прават?........ 45
Зборови со спротивно значење ........ 46
Диви животни ........ 47
Хумористични стихови........ 48
Домашни животни........ 49
Кој каде живее? (Погоди што е)........ 50
Најди пар ........ 51
Именување според заднички својства........ 52
Од збор до реченица ........ 53
Состави реченица...... ........ 54
Моето семејство........ 55
На кого личам (Најубавата куќа)........ 56
Прашања и одговори ........ 57
На даден одговор, постави прашање ........ 58
Состави реченица според сликите........ 59
Обој толку квадратчиња колку што има зборови во реченицата ........ 60

Дрвото и птиците ........ 61
Ден-ноќ (Денови) ........ 62
Штурецот и мравката ........ 63
Трите прасиња ........ 64
Зима ........ 65
Новогодишна слика ........ 66
Нова година ........ 67
Пожар во шумата ........ 68
Раскажи ја “Црвенкапа” според сликите ........ 69
Пролетта пристигна ........ 70
Што можеме да прочитаме ........ 71
На театар, кино ........ 72
Јас и моето другарче ........ 73
ТВ-емисии ........ 74
Слушајте радио ........ 75
Измисли дел од приказната ........ 76
Приказна според слики (Испревртена песна) ........ 77
Ликови од познати приказни ........ 78
Препознај ја приказната, најди го парот ........ 79
Дополни ја стихотворбата ........ 80
Слушај и откриј ........ 81
Драматизација „Во продавница” ........ 82
Драматизација „Во ресторан” ........ 83
Измислување приказна според слики ........ 84
Летото ни доаѓа ........ 85
Повтори по линиите ........ 86
Препознај буква А и Б ........ 87
Препознај буква В и Г ........ 88
Препознај буква Д и Ѓ ........ 89
Препознај буква Е и Ж ........ 90
Препознај буква З и Ѕ ........ 91
Препознај буква И и Ј ........ 92
Препознај буква К и Л ........ 93
Препознај буква Љ и М ........ 94
Препознај буква Н и Њ ........ 95
Препознај буква О и П ........ 96
Препознај буква Р и С ........ 97
Препознај буква Т и Ќ ........ 98
Препознај буква У и Ф ........ 99
Препознај буква Х и Ц ........ 100
Препознај буква Ч и Џ ........ 101
Препознај буква Ш ........ 102
Најди ги големите букви (Излет) ........ 103
На крајот има сликички. Залепете ги на место на соодветните букви ........ 104

**Во прилог:**

Изброј ги буквите

Пронајди ги и обој ги скриените букви

Есенска сликовница

Направи своја книга

Состави приказна

Текстови

Рецезенти:
Рецензионата комисија за стручно вреднување на ракописот формирана со решение бр.10-50/1 од 09.01.2008 год. од Министерот за образование и наука на Република Македонија, во состав:
Проф. д-р Снежана АДАМЧЕВСКА - претседател
Душанка ПАНКОВА - член
Надица МАРКОВСКА - член

Со решение на Министерството за образование и наука на Р. Македонија бр. 07-6006/1 од 20.08.2008 год. се одобрува употребата на учебникот „Македонски јазик за прво одделение“.

Со решение бр. 26-279/1 од 02.04.2019 год. се продолжува важноста на Решението заведено под архивски бр. 07-6006/1 од 20.08.2008 година, донесено од министерот за образование и наука за одобрување и употреба на учебник по предметот Македонски јазик за прво одделение во деветгодишно основно образование.

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

УЧЕБНИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

***Автори:***
Елеонора Стрезовска
Јадранка Симитковска
Татјана Неческа
Александра Митровска

***Изавач:***
**ТОПЕР ДООЕЛ -** Скопје
Ул. Страшо Пинџур бр. 7 Скопје
тел. 02/3296 385
фах: 02/3228 418

*Лектор:*
Олгица Додевска

*Уредник:*
Гордана Станојевиќ

*Ликовно-графичко уредување:*
**ТОПЕР ДООЕЛ**

*Печати:*
Дата Понс, Скопје
2020 година

*Тираж:* 13 700

**CIP - Каталогизација во публикација**
**Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје**

**373.3.016:811.163.3(075.2)**

**МАКЕДОНСКИ јазик : учебник за прво одделение во деветгодишното основно образование / автори Елеонора Стрезовска ... [и др.]. - [2. изд.]. - Скопје : Топер, 2020. - 122 стр. : илустр. ; 30 см**

**Автори: Елеонора Стрезовска, Јадранка Симитковска, Татјана Неческа, Александра Митровска**

**ISBN 978-608-208-676-7**
**1. Стрезовска, Елеонора [автор] 2. Симитковска, Јадранка [автор] 3. Неческа, Татјана [автор] 4. Митровска, Александра [автор]**

**COBISS.MK-ID 110825226**

ISBN 978-608-208-676-7
9 786082 086767